Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 22.08.2019

Одделението за безбедност на патниот сообраќај при Секторот за внатрешни работи Скопје на 21.08.2019 во периодот од 18.00 до 24.00 часот спроведе зајакната акциска контрола за откривање на прекршоци што ги прават возачи на мотоцикли на територијата на Скопје. Притоа, откриени се 49 возачи на мотоцикли кои сториле прекршоци и издадени им се исто толку прекршочни платни налози.

Откриени се и 20 останати прекршоци за кои се издадени 10 прекршочни платни налози и 10 мандатни платни налози.

На 21.08.2019 година во 08.30 часот на Попова Шапка-Тетово, по потерница на Интерпол, од слобода бил лишен Р.В.Л.(55) од СР Германија. Тој бил приведен и задржан во полициската станица за понатамошна постапка.

На 21.08.2019 во 09.30 часот во СВР Куманово биле приведен Ј.Х.(36) од Крушево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумчарење на мигранти". Истиот ден во 05.45 часот на автопатот Куманово-граничен премин Табановце полициски службеници забележале запрено комбе „Фолксваген" со скопски регистарски таблички, како истовара мигранти. Во него биле пронајдени 45 лица-мигранти (42 од Пакистан, еден од Сирија и двајца од Авганистан), а возачот се дал во бегство, но подоцна бил пронајден во друго возило „Голф" и приведен. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Во текот на изминатиот ден (21.08.2019) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје превземени се мерки и активности и констатирано е дека 30 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени 18 возачи од кои: еден возач затоа што управувал возило под дејство на алкохол и 17 возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило. Исто така, исклучени од сообраќај биле 17 возила бидејќи биле нерегистрирани. Санкционирани се тројца возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, двајца возачи поради недавање првенство на минување на пешаци, еден возач поради неправилно престигнување, тројца возачи поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и четири возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во однос на пешаците санкционирани се шест пешаци. Во текот на изминатиот ден издадени се 72 мандатни платни налози за непрописно паркирање.

На 22.08.2019 во 01.45 часот на паркинг на улица „Јани Лукровски" во Скопје, Ф.В.(19) од Скопје, управувајќи мопед „Јиајуе" со скопски регистарски ознаки, паднал на коловозот и се здобил со тешки телесни повреди, по што бил пренесен во Градската општа болница „Св.Наум Охридски", каде му била укажана помош. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Скопје.

На 21.08.2019 во 12.00 часот на локалниот пат за с.Калиште, гостиварско, патничко моторно возило „Голф" со скопски регистарски ознаки, управувано од Г.Џ.(20) од с.Калиште, излетало од патот. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот А.Г., а со телесни повреди се здобиле возачот и уште двајца сопатници А.К и А.Р. кои биле пренесени во Ургентниот центар Гостивар за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Гостивар.

На 21.08.2019 во 18.15 часот на улицата „Маршал Тито" во Неготино се случила сообраќајна незгода помеѓу мотоцикл „Хамачи" без регистарски ознаки, управуван од Х.М.(20) од с.Долни Дисан, неготинско и мопед „Лонџија" со неготински регистарски ознаки, управуван од А.А.(30) од Неготино. Во незгодата Х.М. се здобил со тешки телесни повреди, а со телесни повреди се здобиле сопатникот од мотоциклот У.М.(20) и А.А.. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од Полициската станица Неготино.

На 21.08.2019 во 13.40 часот во Полициската станица Центар, М.Т.(69) од Скопје, пријавил дека на булевар „Илинден" бил каснат од куче скитник во пределот на десната потколеница.

На 21.08.2019 во 00.05 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, С.И.(56) од Скопје пријавила дека на улица „Моцартова" нејзиниот 16 - годишен син бил каснат во пределот на десната потколеница и левата дланка од куче на нивен сосед. Се работи на расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Прилеп поднесе кривична пријава против З.Р.(60) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,злоупотреба на службената положба и овластување". Во текот на 2017 пријавениот, како директор на Јавното комунално претпријатие „Комуналец", без да спроведе постапка за јавна набавка, склучил пет договори за дело за ангажирање на две лица на привремена работа. Притоа, наведените договори ги склучил, откако работните активности за кои биле ангажирани лицата биле веќе извршени.

На 21.08.2019 во периодот од 18.00 до 24.00 часот на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Тетово спроведена е акциска контрола на прекршоци што ги прават возачи на мотоцикли, во која вкупно биле откриени 67 прекршоци (ТЕ-38 и ГВ-29). Сите прекршоци санкционирани се со соодветни казни.

На 21.08.2019 во периодот од 18.00 до 24.00 часот на подрачјето на СВР Струмица е спроведена акциска контрола за откривање на прекршоци што ги прават возачи на мопеди и мотоцикли. Во акцијата биле откриени 14 прекршоци и сите тие биле соодветно санкционирани.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Прилеп поднесе кривична пријава против С.Р.(23), А.З.(19) и И.Т.(44), сите од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство", казниво по член 386 од Кривичниот законик. На 19.08.2019 околу 21.00 часот во угостителски објект во Прилеп пријавените физички го нападнале Б.И.(21) од Прилеп, додека бил заедно со С.Т.(23) од Прилеп, при што му нанеле тешки телесни повреди. Од судија на претходна постапка на И.Т. му е одредена мерка притвор во траење од 30 дена.

На 22.08.2019 во 09.40 часот во СВР Скопје, од Бригадата за противпожарна заштита било пријавено дека на ул.„Ѓорче Петров" настанал пожар во двокатен автобус на ЈСП Скопје. Пожарот е целосно изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита. Повредени нема.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ц.Ј.(38) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторени девет кривични дела „тешка кражба" и против Ф.Д.(25) од Тетово, Ј.Ш.(24) од село Арачиново, .Х.А.(45) од Скопје и М.Ј.(26) од село Шемшово, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „прикривање". Во периодот од 01.06.2019 до 27.07.2019 во авто школи, колонијални продавници, канцеларии и патнички возила, пријавениот извршил девет тешки кражби, при што одземал разни предмети. После тоа, одземените предмети ги продавал на второ, трето, четврто и петтопријавениот, кои знаеле дека потекнуваат од извршено кривично дело. Со ова пријавениот се стекнал со противправна имотна корист од 449.100 денари.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против И.В.(46) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,неовластено производство и пуштање во промет наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори". На 22.02.2018 во село Орман, полициски службеници, при преглед на лица и патничко возило, управувано од К.Р. од Охрид, во кое бил и пријавениот како како совозач, кај него бил пронајден и одземен хероин.

На 21.08.2019 во 14.55 часот во СВР Скопје било пријавено дека во касарната „Страшо Пинџур" во Петровец, Н.Ц.(35) и Б.А.А.(27), австралиски државјани, влегле во кругот на касарната. Тие изјавиле дека залутале следејќи ги насоките од ГПС уредот, а имале намера да одат кон Меѓународниот аеродром „Скопје". Лицата биле приведени во Полициското одделение Петровец за понатамошна постапка.

На 22.08.2019 во 03.25 часот во СВР Скопје, Х.Ј.(38) од Скопје пријавила дека истиот ден околу 02.30 часот во Комплексот клиники „Мајка Тереза", во Одделот за токсикологија, додека ги извршувала нејзините работни задачи, била физички нападната од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Т.С.(54) од село Туин, кичевско и приватната фирма ДТУ „ВИЗИОН-МОТИВ" ДООЕЛ Кичево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „даночно затајување". На 09.11.2018 полициски службеници и вработени во УЈП извршиле контрола во правното лице и констатирле дека првопријавениот, како управител на правното лице, во поднесените даночни пријави за периодот од 01.01.2016 до 31.10.2018 година, навел износ за данок на додадена вредност намален за 491.173 денари, како и износ за персонален данок на доход намален за 260.282 денари. Со ова пријавениот се стекнал со противправна имотна корист од 751.455 денари на штета на Буџетот на РС Македонија.

На 21.08.2019 во 14.20 часот во Полициската станица Кратово, Л.П.(66) од Кратово пријавил дека истиот ден околу 14.00 часот на место викано „Лискавица" во помошната просторија од викендица, сопственост на Л.К.(59) од Кратово, настанал пожар, кој потоа се проширил на отворен простор. При гасење на пожарот Л.К. се здобила со изгореници на двете раце и на лицето, по што во Здравствениот дом Кратово и била укажана лекарска помош. Од екипа на Територијалната противпожарна единица Кратово пожарот бил изгаснат. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од Полициската станица Кратово.

На 22.08.2019 околу 03.00 часот во СВР Скопје е приведено лицето Ј.П.(33) од Скопје поради напад на полициски службеник на булевар „Србија". По целосно документирање на случајот, ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 21.08.2019 околу 12.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Сарај,скопско, во објект во изградба, додека Д.З.(29) и Б.С.(63), двајцата од Скопје, работеле на објектот, Д.З. се здобил со телесна повреда на ногата од залутано зрно, но одбил да биде пренесен за укажување на лекарска помош. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.08.2019 во 14.00 часот во Полициската станица Центар, З.Б.(52) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 12.30 часот пред угостителски објект на улица „Живко Чинго" бил физички нападнат од В.С.(54) од Скопје поради должничко - доверителски односи. Се работи на расчистување на случајот.

СВР Битола поднесе кривична пријава против М.А.(22) од село Бараково, демирхисарско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 27.07.2019 на ул.„4-ти Јули" во Демир Хисар пријавениот физички нападнал полициски службеник при вршење службени дејствија.

МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте

» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)